pred leti zamujeno in opuščeno priložnost.

*Kajetan Gantar*
Slovenska akademija znanosti in umetnosti
Ljubljana, Slovenija

KEVIN CORRIGAN, JOHN D. TURNER, PETER WAKEFIELD (eds.). *Religion and Philosophy in the Platonic and Neoplatonic Traditions: From Antiquity to the Early Medieval Period*. Sankt Augustin: Academia Verlag, 2012, pp. 368.

Комплексноста на врската меѓу религијата и филозофијата и прашањето за вечната дијалектичка спрега на дихотомиите на светото и профаното, разумот и верата, трансцендентното и иманентното, се проткајува низ сета историја на филозофијата како доминатен мисловен „Гордиев јазол“. Оваа релација во еден специфичен период од историјата на филозофијата, имено во платонистичката и неоплатонистичката традиција, можеби повеќе премолчано, но во суштина сосем пластично, се балансира во барањето за помирување на теоријата и практиката, поединечното и општото, нужноста и слободата, авторитетот и креативноста. Поради изразениот теориски и духовен еквилибриум, испитувањето на овој мисловен период може да фрли нова светлина во сфаќањето на филозофијата и на религијата, кои, како дисциплини во современата академска средина, се силно сегрегирани.

Зборникот што е пред нас, е резултат на дванесетдневниот семинар одржан на Универзитетот Емори, во јуни 2008 година, што како тема за дискусија ги зема токму „интимните врски, конфликтите и дисконтинуитетите меѓу религијата и филозофијата во платонистичките и неоплатонистичките традиции од антиката до раниот среден век“[1]. Густо подредените осумнаесет прилози се поделени во три проблемски целини, од кои третиот дел, во кој се поместени компаративистичките пристапи кон тематот на Зборникот (вкупно 9 статии), зазема најголемо место. На трите тематски целини (1-323) им претходи вовед (ix-x), а потоа следуваат библиографијата (323-343), краток информатор за авторите (343-349) и индексот на поими и имиња (349-368).

Приредувачите [Кевин Кориган (Kevin Corrigan), Џон Д. Тарнер (John D. Turner), Питер Вејкфилд (Peter Wakefield)] го посветуваат Зборникот на прерано починатиот нивен колега и пријател Стивен К. Стрејнџ (Steven K. Strange), не само поради тоа што се појавува како автор на еден од текстовите, туку и поради неговиот придонес како истакнат стручњак од областа на античката филозофија, особено од областа на неоплатонизмот.

Овој критички приказ ќе ја следи логичката и содржинската подреденост која ја избрале приредувачите на Зборникот и ќе остави место за се-

[1] Corrigan, Kevin, John D. Turner, Peter Wakefiel (eds.). *Religion and Philosophy in the Platonic and Neoplatonic Traditions: From Antiquity to the Early Medieval Period*. Sankt Augustin: Academia Verlag, 2012, x.

кој прилог одделно, сметајќи го за рамноправен и оригинален дијалог со тематот.[2]

Трите текста во првата тематска целина се групирани под насловот „Религија, филозофија, божествена инспирација и религиозна побожност во претплатонистичките и платонистичките традиции" (Religion, Philosophy, Divine Inspiration and Religious Piety in the pre-Platonic and Platonic Traditions) (1–53).

Зборникот започнува со текстот на Сузан Стерн-Жије (Suzanne Stern-Gillet) под наслов „Трансформирана божествена инспирација: од Хесиод до Фичино" (Divine Inspiration Transformed: From Hesiod to Ficino) (1-19). Авторката го следи развојот на концептот на божествена инспирација почнувајќи од Хесиод, преку Платон до ренесансата со Фичино, заклучувајќи дека овој концепт во оваа развојна линија трпи радикална промена. Таа укажува дека кај Платон, за прв пат, се испитува природата и вредноста на поетската инспирација. Додека кај Хесиод постои двозначност во определувањето на овој концепт (поетскиот глас е божествен глас, но неговото авторство е ставено под прашање), кај Платон, исто како и кај Хесиод, поетското вдахновение е божествено, надвор од поетот, но тој му дава поголем авторитет на авторот. Прокло, додавајќи неоплатонистички елементи во Платоновиот концепт, го интернализира изворот на инспирацијата во душата на поетот кој, преку мистичното искуство, го спознава присуството на повисоката реалност во самиот себе. Фичино, по осум века, имајќи ги предвид Платоновите текстови и неоплатонистичките идеи на Прокло, го идентификува изворот на инспирацијата со христијанскиот Бог, концепт, кој и многу подоцна, има огромно влијание врз естетичките теории.

Во задачата да се спротистават филозофијата и религијата во платонистичката традиција, Кевин Кориган во текстот со малку поширок наслов „Религијата и филозофијата во платонистичката традиција" (Religion and Philosophy in the Platonic Tradition) (19-35) смета дека најпрво треба да се постави прашањето за можноста од вакво спротивставување, имајќи ги предвид модерните конотации што овие термини ги носат. Тој укажува дека животот во антиката не се разделува на разни аспекти (социјални, политички, филозофски), а уште помалку дека религијата е уште една ваква категорија. Религијата, според него, проникнува низ сите од нив уште од почетокот на античката мисла. Се повикува на Адо (Hadot) според кој античката филозофија мора да се разбере низ аскетско искуство и вежба, а не како академска дисциплина. Кориган смета дека филозофијата се сфаќа како радикален начин на преосмислување на различните религиозни форми во трансформативна учесничка дијалектика која не е во чест на боговите на

[2] Критичкиот осврт на Роберт ван ден Бегр (van den Berg, Robbert. Rev. of *Religion and Philosophy in the Platonic and Neoplatonic Traditions: From Antiquity to the Early Medieval Period*, by Kevin, Corrigan, John D. Turner, Peter Wakefiel (eds.). Bryn Mawr Classical Review. 06. 08. 2013. <http://bmcr.brynmawr.edu/2013/2013-08-06.html>. 25. 02. 2014) на овој Зборник испушта две третини од последниот оддел во кој се обработени компаративистичките осврти. Со занемарувањето на овие статии, не само од квантитативен аспект, туку и од квалитативен, е испуштена можноста за влегување во интелектуален дијалог со нив. Иако се оградува велејќи дека не може „праведно" да ги обработи сите осумнаесет статии, сепак критериумот на селекцијата бил „најнеправеден" токму во третиот дел.

Пантеонот, туку во служба на достигнување на сличност со бога од една поширока перспектива. Тој укажува дека во споредувањето на религијата и на филозофијата во платонизмот треба да се заменат или да се прошират некои од модерните толкувања. Притоа го истакнува дијалогот во кој многу различни жанрови добиваат свој одглас, како што е молитвата и разни медитативни практики, што помагаат во премостувањето на бездната меѓу човечкиот дијалог и разговорот со боговите. Во заклучокот тој укажува дека религијата и филозофијата во Платоновата, но и во филозофијата во следниот период се неразделни категории. Иако непознати за секуларната филозофија, молитвата, жртвата и божествената подобност не биле непознати за Плотин, Порфириј, Јамблих и Прокло како движечка сила со трансформативен капацитет да создаде нов вид на мисла.

Според мислењето на следниот автор Џон Дилон (John Dillon), неколкуте последни генерации на хеленистички филозофи остануваат верни на религиските позиции на нивниот учител Платон во две тези: имено дека боговите се поединечни манифестации на светската душа и дека одржувањето на традицоналните начини на побожност го одржува добриот поредок во светот. Во текстот „Религијата на последните Хелени“ (The Religion of the Last Hellenes) (35−53), животот на античките платонисти авторот го сумира во терминот „теургија“, хеленски еквивалент на христијанската религиска сакраментална теологија. Дилон своите теориски согледби за карактерот на религијата во хеленистичката традиција ги синтетизира во три точки: антикваријанизам (идентификување и сочувување на античките култови), синкретизам (поврзување на сите божества што се почитуваат секаде во светот во еден кохерентен систем) и алегоризација (на ирационалните карактеристики на традиционалната митологија со цел да се истакнат нивните скриени и поучни значења, но и да се наутрализира критиката упатена кон нив, често од страна на филозофите, софистите, итн.). Овие се, како што ги нарекува Дилон, екстерните карактеристики на доцната хеленистичка религија, додека за интерното, духовно ниво, тој го упатува читателот кон неговиот текст „Платонистичкиот филозоф во молитва“ (The Platonic Philosopher at Prayer). Тој накратко забележува дека интензивното духовно искуство постигнато преку молитва на хеленистичкиот мислител било оригинално и исто толку кохерентно како неговиот христијански корелат.

Во втората тематска целина насловена како „Религијата и филозофијата во платонистичките и неоплатонистичките традиции“ (Religion and Philosophy in the Platonic and Neoplatonic Traditions) (53–133) се поместени шест текста што ја следат конфронтацијата на религијата и филозофијата, но и нивниот однос кон политиката, логиката, побожноста и алегоријата во периодот од Платон сè до Дамаскин и Симпликиј.

Стивен К. Стрејнџ уште на почетокот на експозицијата на својот прилог „Прокло и древните автори“ (Proclus and the Ancients) (53–65) укажува дека во овој текст ќе ја ограничи својата анализа на значењето на терминот „древни автори“ (ancients) што Прокло го користи во својот коментар на „Парменид“ од Платон. Кои автори влегуваат во оваа група не може дефинитивно да се одреди (во која веројатно влегуваат постари коментатори на дијалогот како Порфириј и некои други рани неоплатонисти, веројатно Јамблих, и др.), па затоа Стрејнџ го отвора ова, според него, особено тешко и, истовремено, интересно прашање. Тој заклучува со поголема веројатност дека оваа група се заокружува со името на Јамблих. Преку анализа на одделот од книга I каде Прокло ги класификува коментаторите

според нивната определба на целта на вториот дел на дијалогот, Стрејнџ го изведува својот заклучок. Интерпретаторите кои ја зафаќаат метафизичката линија на толкување и кои сметаат дека целта на вториот дел на „Парменид“ е во изведувањето на сите нешта што ја добиваат својата егзистенција од Едното, се оние што му пристапиле на Платон со автентична проникливост. Тие се, според него, групата на „древни автори“.

Во следниот текст „Неоплатонистичката употреба на филозофијата и религијата на императорот Јулијан“ (The Emperor Julian's Use of Neoplatonic Philosophy and Religion), Мајкл Харингтон (Michael Harrington) (65−81) се обидува да ги постави филозофско-теоретските претпоставки на тенденцијата за зачувување на античките култови и култни места во практичните проекти на императорот Јулијан. Тој ги споредува Платоновите тези за светите места што го нагласуваат културниот контекст на ритуалот што придонесува за социјалната кохезија, и оние на неоплатонистите, особено на Јамблих, кои ја нагласуваат метафизичката теорија за космичката симпатија достапна на неколкумина искусни посветеници во теологијата, но и на елементот на тихување што, пак, го истакнува личното искуство. Кај Јулијан можат да се сретнат елементи од двете позиции, но неконзистентноста на Јулијан, според Харингтон не треба да се бара само во политичките мотиви, ниту во неговиот „тежок“ карактер, туку во неконзистентноста на самиот платонизам. Имено, според него, станува збор за тензијата меѓу Платоновата обврска за учество во јавниот живот и неоплатонистичката тенденција за политичка маргинализација.

Џон Филипс (John Phillips) во следниот текст „Прокло и другите автори за божествената причиност“ (Proclus and Others on Divine Causation) (81−99) се осврнува на неколку автори од средниот платонизам (Плутарх, Нумениј, Атик) и Прокло како претставник на неоплатонизмот, кои како реакција на некои рано-хеленистички учења за природата (епикурејските, стоичките и учењата на аристотеловците), дискутираат за видот и степенот на учеството на боговите во создавањето на светот. За разлика од некои други несогласувања меѓу неоплатонизмот и ставовите на средниот платонизам, кога станува збор за прашањето за божествената причиност, Филипс не само што смета дека можат да се најдат многу сличности, туку и дека средниот платонизам во голема мера ги поставил основите на неоплатонистичката теологија. Во оваа анализа авторот ги зел предвид прашањата за божествената трансценденција, статусот на Демијургот, Доброто како финална причина, итн.

Мотивиран од прашањето за балансот и за тензијата меѓу разумот (филозофијата) и авторитетот (теологијата) во доцната антика, целта на Џон Дилон (John Dillon) во четвртиот текст од вториот оддел „Филозофијата и теологијата кај Прокло“ (Philosophy and Theology in Proclus) (99-107) е да ја разгледа оваа релација во традиција која неа ја третира како комплементарна, имено во филозофијата на доцниот платонизам, поточно кај Прокло. Анализирајќи ги репрезентативните места каде Прокло ја разработува оваа тематика, Дилон заклучува дека постои субординација на филозофијата во однос на теологијата со оглед на тоа што теологијата се занимава со учењето за Едното. Меѓутоа, тој укажува дека оваа субординација не подразбира и ривалитет, ниту, пак, дека „вистините на теологијата“ претендираат да се супериорни над филозофските по исти прашања. Дури и мистичкото сфаќање на Едното, потенцира Дилон, се достигнува преку процес на филозофско расудување.

Џералд Бечтл (Gerald Bechtle) во следниот прилог со наслов „Категориите и конверзијата“ (Categories and Conversion) (107–121), преку анализа на еден дел од „Коментарот на *Категориите“* на Симпликиј (12,13-13,11) сака да ја испита меѓусебната инклузивност на логиката и на теоријата за јазикот со религиските вистини во филозофијата на доцниот платонизам. Овој пасус во Коментарот на Симпликиј, покажува тој, теориски ги поврзува зборовите, поимите и постојните нешта, а со тоа теоријата на категориите ја поврзува со теоријата за јазикот, метафизиката, теологијата и психологијата. Бечтл укажува дека овој текст покажува дека оваа врска се случува сосем природно во доцниот платонизам, врска која не била дури ни поставувана како проблем.

Во последниот текст од оваа тематска целина, „Употребата на алегоријата од доцните неоплатонистички филозофи“ (Allegory as Used by the Later Neoplatonic Philosophers) (121–133), Лук Брисон (Luc Brisson) ја испитува значајната улога на алегоријата во филозофијата на неоплатонизмот, особено кај Јаблих и Прокло, имајќи ја предвид тезата дека филозофијата, идентификувана како теологија, е посредувана преку боговите преку симболичка текстуална манифестација и пророчки откровенија. Во таа смисла, мистагогијата е возможна само преку алегориско толкување на овие знаци и симболи. Со цел да ја докаже неоплатонистичката теза за филозофијата како откровение, Брисон ја следи врската на Платон со Питагора, сѐ до орфичките мистерии, притоа истакнувајќи ја артикулацијата на божествената инспирација во „Федар“ и теолошките импликации во „Парменид“.

Третиот оддел насловен како „Компаративни перспективи: еврејски, христијански, исламски и хинду“ (Comparative perspectives: Jewish, Christian, Islamic and Hindu) (133–323) опфаќа поширок спектар на проблемски осврти и интересни компаративни пристапи во различни религиски традиции. Почнувајќи од неоплатонизмот на Израели, преку гностицизмот, Августин, Руми, сѐ до хинду текстовите, текстовите на Рабија ал-Адевија, Шанкара и Сигер од Брабант, авторите во овој оддел ги детектираат теориските одгласи на платонизмот и неоплатонизмот во сите овие религиско-филозофски превирања.

Во текстот „Божественото присуство, божественото отсуство и Плотиновската апофатичка дијалектика: реинтерпретација на „креација и еманација“ кај Исак Израели“ (Divine Presence, Divine Absence and the Plotinian Apophatic Dialectic: Reinterpreting "Creation and Emanation" in Isaac Israeli) (133–151), Сара Песин (Sarah Pessin) си ја поставува задачата да го интерпретира неоплатонизмот на Израели, помирувајќи ги концептите на „еманација“ и „креација“ како два дијалектички пола на апофатичкиот аспект на трансцендентно-иманентниот парадокс за Бог. Со воведувањето на концептот на „непосредувана иманација“ (unmediated emanation) таа ги помирува еврејската неоплатонистичка теорија за креацијата ex nihilo и учењето за еманацијата на Плотин, наспроти доминатните интерпретации на Алтман (Altman) и Волфсон (Wolfson). Таа смета дека дава чиста плотиновска алтернатива на двата модуса на онтолошко-космолошката врска и укажува дека употребата на поинаква терминологија (креација ex nihilo, волја и моќ) не значи и различно концептуализирање. Алтман-Волфсоновото толкување на двата модуса го тестира врз учењето за Сферата на Израели покажувајќи ја неговата неконзистентност.

Џон Д. Тарнер во следниот прилог со наслов „Необичниот филозофски свет на доцниот религиски гностицизам: симбиозата на античката филозофија и религија" (The Curious Philosophical World of Later Reliogious Gnosticism: The Symbiosis of Antique Philosophy and Religion) (151–183) се „пресметува" со доминантните негативни историско-филозофски оценки за гностицизмот кои го квалификуваат како нефилозофски, ирационално нихилистички, антикосмичен и песимистички, но и како спротивставен на платонизмот и подоминантните струи на библиската религија. Тој отворено се согласува со тезата на Мерлан (Philip Merlan) дека гностицизмот е автентичен кога е на границата меѓу религијата и филозофијата. Поради филозофската дисквалификација на гностицизмот во модерните интерпретации, тој укажува дека се испушта од вид значајната улога на Плотиновата полемика со гностициите за развојот на неговата филозофија. Преку споредбата на некои гностички текстови (особено оние од „сетиски" вид) со текстовите на Плотин, Тарнер заклучува дека разделувањето на гностицизмот од платонизмот е резултат на острата разлика меѓу религијата и филозофијата, која според него, се должи повеќе на модерната, отколку на античката интерпретација. И Тарнер, како и неколку други автори во овој зборник, се повикува на Адо и неговата теза за филозофијата како начин на живот.

Волкер Хенинг Дрекол (Volker Henning Drecoll) во третиот текст од овој оддел со наслов „Августин и платонизмот: тринитарната мисла во 'За божјата држава' кн. 8" (Augustine and Platonism: Trinitarian Thought in The City of God 8) (183−195) го анализира влијанието на платонизмот врз раните списи на Августин, а тоа, смета тој, може најдобро да го направи преку историскиот осврт на историјата на филозофијата кој Августин го прави во осмата книга на „За државата божја". Делот врз кој се става акцент е Платоновата филозофија, поточно трипартитноста на филозофијата која ја дава Платон (физика-етика-логика), во која може да се најде основа за тринитарното прашање. Августиновата анализа на трите функции на Бог, имено уредувањето на светот, спознавањето и животот може да кореспондира со веќе споменатата поделба, но со поинаков редослед − физика-логика-етика (битие-интелект-живот). Според него, Платонистичката доктрина за троичниот Бог е врската која ги поврзува Платон и христијанството.

Необична компарација меѓу филозофијата на Плотин и поезијата на Руми прави Светла Славева-Грифин (Svetla Slaveva-Griffin) во следниот текст „Контемплативното искачување како танц кај Плотин и Руми" (Contemplative Ascent as Dance in Plotinus and Rūmī) (195−213) соединувајќи ја Плотиновата идеја за мистичкото искачување на душата со суфистичкиот танц кој во поезијата на Руми го изразува спојувањето на душата со божественото. Циркуларното танцување на душата во „Енеади" Славева-Грифин не го остава на метафоричко ниво, туку го толкува како буквална визуелизација на unio mystica на филозофот. Таа смета дека во поезијата на Руми се отсликува концептуалната парадигма на танцот на дервишите кој го претставува „бесмртниот танц" на душата. Славева-Грифин тврди дека овие две танцувања претставуваат концептуални надополнувања со оглед на тоа што кај Плотин насоката на движењето е од Едното кон танцот, а кај дервишкиот танц обратно, од танцот кон божественото. Таа ја идентификува линијата од Плотин до Руми, имено линијата која оди од онтолошка експресија до спиритуално дејствување, како премин од theoria во theurgia.

Следната авторка Дипа Мајумдар (Deepa Majumdar) во својот текст насловен како „Плотоновите *Енеади* и Бхагавадгита: хармонија меѓу разлики“ (The *Enneads* of Plotinus and the Bhagavadgītā: Harmony amidst Differences) (213–35) се обидува да даде сопствен придонес во, како што таа оценува, оскудните расправи за врската меѓу Плотин и индиската мисла, која сè уште не може да се изолира од нејзиниот колонијален и постколонијален контекст. Оваа компарација ја прави во однос на метафизичките и етичките идеи во филозофските концепти на Плотин и на Бхагавадгита без да го оспори Плотиновиот „хеленизам“, а во исто време да ги потенцира значајните феномени на овој историски паралелизам. Иако во одредени аспекти сосем различни, сличностите можат да се забележат во концептите за божественото (првиот принцип) над доброто и злото, концептот за реинкарнацијата, за љубовта како преданост или побожност, за аскетските идеали, концептот за мудрецот, итн.

Сличноста на фигурата на Рабија ал-Адевија во суфистичката литература со фигурата на Диотима од Платоновата „Гозба“ врз основа на учењето за љубовта кое извршило големо влијание во суфизмот, ја покажува Ркиа Еларуи Корнел (Rkia Elaroui Cornell) во шестиот текст од овој „компаративистички“ оддел, со наслов „Муслиманската Диотима? Траги од Платоновата ’Гозба‘ во суфиските наративи на Рабија ал-Адевија“ (The Muslim Diotima? Traces of Plato's Symposium in Sufi Narratives of Rabi'a al-'Adawiyya) (235-257). Допирните точки на двете фигури авторката ги сумира во седум тези: 1. и Диотима и Рабија ал-Адевија подучуваат за љубовта како традиционална мудрост; 2. двете учења зборуваат за суштината на љубовта; 3. и Диотима и Рабија ал-Адевија се фигуративни „аутсајдери“; 4. двете се побожни фигури; 5. употребуваат дијалектички метод на подучување; 6. воведуваат ученици во повисоки љубовни мистерии; 7. љубовта ја сметаат за значаен елемент во познанието на Бога.

Дениел Рење (Daniel Regnier), следниот автор со свој прилог во овој Зборник, покажува дека, Плотин и Шанкара, како доследни метафизички монисти и недуалисти, воспоставуваат речиси идентична психолошка теорија за единството или недуализмот на душата, и покрај многубројните разлики во филозофијата на овие два автора. Авторот во текстот со наслов „Едноставната душа: Плотин и Шанкара за себството и за душата како неделиви“ (The Simple Soul: Plotinus and Śakara on Self and Soul as Partless) (257-277) ги испитува аргументите кои Плотин и Шанкара ги даваат во однос на отфрлањето на идејата за релацијата на индивидуалната душа со ултимативниот душевен принцип како релација на деловите кон целината. И двајцата ѝ го придаваат својството на неделивост на душата и укажуваат дека душата не би можела да го прави тоа што го прави доколку претставува само дел, имено душата мора да биде слична на повисоките принципи. Ова прашање, смета Рење, е значајно поради тоа што ги истакнува теолошките аспекти на нивната филозофија, правејќи ги психологијата и теологијата исклучително блиски.

Бенџамин Глиди (Benjamin Gleede) во следниот текст „Прифаќање клише: за слободата и нужноста во христијанските и во неоплатонистичките ставови за создавањето“ (Endorsing a Cliché: On Liberty and Necessity in Christian and Neoplatonist Accounts of Creation) (277-295) го прифаќа предизвикот да се соочи со традиционалните спротивставени теории на христијанскиот создател кој создава спонтано преку својата слободна волја и платонистичкото Едно кое нужно создава или еманира без било каква во-

лева одлука. Неоплатонистичката концепција за „теоретско“ создавање ги лишува создавачките причини од секаква слобода, и е сосема различна од концептот за слободно одлучувачкиот и интенционален божествен уметник-Демијург од „Тимај“. Но, аргументира авторот, ниеден антички христијански теолог отворено не застапува волунтаризам, имено дека светот е создаден од чиста одлука. Сепак, и покрај платонистичката терминологија често употребувана во христијанските текстови (Добрина, самодоволност), концептот за создавање како експресија на слободна и љубовна божествена интенција која е насочена кон нешто друго освен кон Бог, не може да се приклони кон моделот за теоретска каузација.

Последниот труд во овој Зборник е статијата позади која се потпишува Сузан Стерн-Жије со наслов „Доблестите на самопознанието: Аристотел, Августин и Сигер од Брабант“ (Virtues of Self-knowledge: Aristotle, Augustine and Siger of Brabant) (295-323). Таа испитува три интрепретации на врската меѓу самопознанието и моралната доблест, имено Аристотеловиот став дека самопознанието лежи во коренот на megalopsychia, доблест која е на врвот на доблестите, Августиновиот концепт за понизност како свесност за нашиот онтолошки статус и со тоа основа на христијанската доблест, но и на обидот на Сигер од Брабант да ја интегрира понизноста, но видена како секуларна доблест, во рамките на Аристотеловата позиција. Авторката укажува дека одзивот на овие теории во сегашноста, иако во голема мера под влијание на Аристотеловиот концепт за megalopsychia, сепак ретко успеваат да се оддалечат од Августиновата теорија за понизноста. Таа заклучува дека, и покрај синтезата на Аквински и Сигер од Брабант, Аристотеловиот концепт за megalopsychia не може да се чита без чувство на морална ненаклонетост.

На крајот можеме да заклучиме дека во овој Зборник се објавени трудови со високо специјализирана тематика и прецизно изградена методологија, и за многу од нив може да се каже дека претставуваат оригинален придонес во теориската концептуализација на античката и на хеленистичката филозофија. Содржинскиот дијапазон е исклучително широк, па затоа не можат да се извлечат генерални заклучоци во однос на тематот. Сепак, по одредени прашања текстовите „комуницираат“ еден со друг, особено што многу од нив експлицитно или имплицитно се повикуваат на тезата на Адо за филозофијата како начин на живот, религиско-филозофскиот „јазол“ авторите често го пресекуваат преку теургијата, се акцентира значењето на мистичкото искуство, итн. Иманентното читање на изворните текстови како императив кој го почитуваат текстовите во овој Зборник, е исклучително значајна методолошко-интрепретативна позиција која претставува основа за понатамошна разработка на ова комплексно прашање. Ревитализирањето на оваа тематика, притоа почитувајќи го овој методолошко-толкувачки императив, е одлична почетна точка за реконцептуализација на поимите „филозофија“ и „религија“ во современ контекст.

*Јасмина Наумоска*
Филозофски факултет
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје